**Известување за концентрација со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о, Блед, Словенија ќе стекне контрола над ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., Ново место, Словенија**
**(предмет бр. 08-134/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, има намера да стекне контрола над ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., со седиште на Сеидлова цеста 46, 8000 Ново место, Словенија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о,** е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност беше гастроентерологија; во годините што следеа, неговиот обем на активности се зголемуваше. Денес, единици на Подносителот функционираат во Блед, Љубљана и Ново место.

Дијагностички центар Вила Богатин ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: Гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, X-зраци и ултразвук, алерголоргија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана

Дијагностички центар Вила Богатин нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Директни содружници на Дијагностички центар Вила Богатин се:

- Позаваровалница Сава д.д., Дунајска Цеста 56, 1000 Љубљана и
- Заваровалница Триглав д.д., Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Словенија,
  секој со 40% учество во основната главнина на ДЦВБ и со тоа ќе се стекнат со индиректна контрола над Целното Друштво.

Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава ОсАигурување Групата.

Сава Осигурување Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Сава Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4778529 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со ЕМБС 5989434 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови,
- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7005350 со приоритетна дејност техничко испитување и анализа и
- ВИТА С ХОЛДИНГ ДОО Скопје со ЕМБС 7690088 со приоритетна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.

Триглав Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Триглав Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4691130 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со ЕМБС 7233825 со приоритетна дејност животно осигурување,
- Триглав пензиско друштво АД Скопје со ЕМБС 7344228 со приоритетна дејност дејности на

управување со фондови и
- ТРИГЛАВ управување со недвижен имот ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7729014 со приоритетна дејност изнајмување и управување на сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о.,** е давател на здравствени услуги во мрежата на јавните здравствени услуги во Словенија. ПУЛМЕД нуди сеопфатни пулмонални прегледи и третмани на белодробни заболувања и алергии.

ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**25.09.2024 година**
**Скопје**